Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

ОКСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-126/5
18-04-2022 година

Постапувајќи по претставка бр. 08-126 од 22.02.2022 година, поднесена од [redacted] против Казнено поправен дом Штип, за извршена дискриминација врз основа на здравствена состојба во областа на правосудство и управа, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 21 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Службен весник на Република Северна Македонија бр. 258/2020 од 30.10.2020 година) на 13.04.2022 година го донесе следното

## МИСЛЕЊЕ

**НЕ СЕ УТВРДУВА ДИСКРИМИНАЦИЈА** врз основа на здравствена состојба во областа на правосудство и управа од страна на Казнено поправен дом Штип кон [redacted].

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

До Комисијата за спречување и заштита од дискриминација поднесена е претставка со архивски број 08-126 од 22.02.2022 година, од подносителката [redacted] за сторена дискриминација по основ на здравствена состојба во областа на правосудство и управа од страна на Казнено поправен дом Штип.

Согласно наводите од претставката, подносителката тврди дека дискриминацијата е резултат на ограничување на посетите на нејзиниот вонбрачен партнер додека тој се наоѓа на извршување казна затвор во КПД Штип. Подносителката на претставката истакнува дека при обидот за првата посета уредно доставила нотарска заверена изјава за вонбрачна заедница до КПД Штип, со која би и се обезбедиле посетите на вонбрачниот партнер. При прегледот и претресот на посетителката, во овој случај подносителка на претставката, од страна на службеничка во КПД Штип и било соопштено дека има забрана за посета во затворот. Како причина за таквото ограничување ѝ бил наведен настан од минатото, кога при претрес кај неа биле пронајдени неидентификувани апчиња. При дополнително испитување било утврдено дека се работи за апчиња бупренорфин, кои посетителката ги користела за лечење на зависност. За конкретната ситуација подносителката ја информирала Управата за извршување санкции, од каде побарала одговор за ограничувањето на посетите. Оттаму била информирана дека посетата и била ограничена од причина што не била наведена во картонот за посети. Според наводите од претставката била направена техничка грешка при евидентирање на лицата за посета, така што во

картонот за посети во КПД Штип наместо [redacted], како вонбрачна партнерка на затвореникот била заведена [redacted].

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација од приложените докази констатира дека ваквите тврдења се веројатни и согласно член 24, став 7 во врска со член 26 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, на ден 24.02.2022 година испрати Известување бр. 08-126/3 за произнесување по наводите од претставката до Казнено поправен дом Штип.

На 14.03.2022 година во архивата на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација пристигна произнесување од Казнено поправниот дом Штип како одговор на претставката. Согласно внатрешната процедура произнесувања по наводите од претставката пристигнаа од сите инволвирани сектори/одделенија од Казнено поправниот дом.

Во одговорот на претставката се наведени причините за оневозможување на посетите на осуденото лице Кољо Јованов од страна на подносителката на претставката [redacted]. Осуденото лице при приемот во матичното одделение има пријавено за упис во картонот за посети вонбрачна сопруга [redacted], на возраст од 40 години, од Струмица, како што е заведено и во Картонот за евиденција на примањето пакети и посети со рег. бр. 59/2021 доставен во прилог. Следствено на тоа, а согласно Куќниот ред на установата, од КПД Штип истакнуваат дека посета на лице кое е не е наведено во картонот за посети не се дозволува, освен по молба одобрена од директорот на КПД Штип.

Казнено поправниот дом има интерни правила и воспоставена процедура за организирање на посети содржана во Правилникот за куќен ред за осудените лица кои издржуваат казна затвор во казнено – поправна установа. Во членот 75 став 4 се наведени условите за овозможување на посебна посета од страна на вонбрачен партнер и како такви се наведуваат:

- изјава на осуденото лице своерачно потпишана со која се назначува вонбрачниот парнер, а истата е потребно да се даде **при приемот на лицето во казнено – поправната установа, односно во текот на престој на осуденото лице во приемното одделение** и

- изјава заверена на нотар која ја доставува вонбрачниот партнер.

Осуденото лице при изјавата за наведување вонбрачен партнер за посети во приемното одделение на казнено-поправната установа навело лице со име Моника Костадинова, како што е и евидентирано во картонот за посети. Оттука, наведеното лице во картонот за посети како вонбрачен партнер е различно лице од подносителката на претставката. Имајќи го ова предвид, а и фактот што условите за овој вид на посета треба да бидат кумулативно исполнети, не е доволна само изјавата која во конкретниот случај подносителката на претставката ја доставила до казнено – поправната установа. Имајќи го предвид наведеното, како и член 86 од Правилникот, осуденото лице би требало да е запознаено

со одредбите од истиот, а доколку осуденото лице сметало дека е настаната техничка грешка при евиденцијата на лицата за посета имало можност да ги извести вработените во казнено – поправната установа.

Согласно вака утврдената фактичка состојба подносителката не ги исполнува условите од членот 75 став 4 од Правилникот за куќен ред за осудените лица кои издржуваат казна затвор во казнено – поправна установа за овозможување на посебна посета од страна на вонбрачен партнер, па следствено тоа не може да биде ставена во споредбена ситуација со останатите посетители кои ги исполнуваат овие услови.

Ценејќи ги тврдењата изнесени од двете страни, како и приложените докази, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација согласно надлежностите од член 21 од Законот за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот на Мислењето дека во конкретниот случај не е сторена дискриминација врз основа на здравствена состојба од страна на Казнено поправен дом Штип врз [redacted].

Скопје
13.04.2022 година

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Претседател
Кире Василев

Доставено до:

- [redacted]
- Казнено поправен дом Штип со адреса на „6ти километар" бб, 2000 Штип